*И. МИКУЛЧИЌ*

# КОН ПРОБЛЕМОТ НА ПРЕДРИМСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Во македонската историска литература многу малку се пишува за античката историја на нашите краишта. Бројните трудови што ја обработуваат оваа проблематика потекнуваат од странските историчари и класичари, главно германски. Во најново време кон нив се придружува значајниот и обемен опус на Ф. Папазоглу, професор на Белградскиот универзитет.[1]) Тоа се претежно интерпретации на античките литерарни извори за северните соседи на античката Македонија, кои ја населувале нашата република и соседните краеви во тоа време. Кон овие истражувања им се придружуваат во поново време и теренските епиграфски и археолошки испитувања, кои ги потврдуваат или надополнуваат првите.[2])

Меѓутоа, останува едно подрачје за кое речиси и немаме директни потврди во пишаните извори. Тоа е скопско-кумановскиот басен, чијашто историја во текот на I милениј пред н.е. мора да се потпре скоро исклучиво на археолошките резултати. А теренските истражувања до последните години одвај ја додирнувале оваа област. Сепак, веќе денес можеме во основните контури да го надзреме историскиот профил и на ова подрачје, благодарение на низа нови, уште не разработени и необјавени археолошки податоци. На ова место ќе зборуваме во најкуси црти и за некои од нив.

## а) Литерарни извори

Собрани се сите во споменатите трудови на Ф. Папазоглу, а некои од нив можеме да ги поврземе со подрачјето за кое тука зборуваме.

Прва историска популација, која сигурно живее во ова подрачје — целосно или делумно, покрај староседелците — во последните три века од старата ера се Дарданци. Ова моќно племе за чија етничка при-

---

[1]) Како најзначајни: Македонски градови у римско доба, Скопје 1957 (ед. Жива Антика, 377 стр.); — L'etat illyrien, Historia Bd. 14, Wiesbaden 1965, 143 и д.; — Средњебалканска племена у предримско доба, Сарајево 1969 (496 страни).

[2]) Уп. И. Микулчић, Пелагонија у светлости археол. налаза — од Егејске сеобе до времена Августа, Скопје—Београд 1966 (ed. Diss. iugosl., III).

падност во последно време многу се расправа, се развивало и созревало како културна и етничка целина во текот на халштатскиот период на подрачјето на денешното Косово. Тоа може да се следи преку археолошки наоди. Втората етапа, ширењето на овој народ во текот на IV, III и II век пред н.е. кон сливот на Јужна Морава и Скопско-кумановскиот басен, беше наговестена со извесни посредни податоци во античката литература и некои поранешни археолошки наоди[3]).

Во времето на Филип II и Александар III, пред да ги започне своите освојувања во Грција и на Исток, Македонија се обидува со одделни воени походи на северните соседи да изнуди од нив извесна послушност и безбедност. Овие „покорувања", колку и да биле привремени и формални, зборуваат и за одредениот степен на политичката или воената моќ на одделни северни соседи на тогашна Македонија. Од тоа време се и првите историски вести за Дарданците, за жал не многу јасни,[4]) меѓутоа Дарданија тогаш сè уште не се граничи со Македонија, односно со длабоко хеленизираната Пеонија и Пелагонија.

Во времето на големиот и фатален поход на Келтите кон Македонија и Грција (во 279 година ст. е.), Дарданија се појавува како значаен фактор во меѓународните односи во овој дел на античкиот свет. Многу е веројатно дека тогаш Скопската котлина веќе е во рацете на Дарданците: пеонскиот престолонаследник Аристон, син на познатиот Аудолеон, пред заканата на Лизимах (кој тогаш се дофатил до тракискиот престол), бега (околу 284 г. ст. е.) во соседната Дарданија[5]).

Од средината на III век ст. е. Дарданците стануваат постојани агресори против Македонија, непрекинато до крајот на македонската самостојност, па и натаму кога Македонија веќе била претворена во римска провинција.

Во воената историја на Дарданците паѓаат вочи и големите бројки како на војниците — учесници во некој поход така и на жртвите. Во 279 година, во безуспешниот обид да се запре келтскиот поход, дарданскиот крал му нуди на тогашниот македонски крал Птолемеј Кераун помош од 20.000 војници[6]). Ист толкав број заробеници одвеле Дарданците од Македонија во 209 година ст. е. и го принудиле кралот Филип V да го остави војувањето против Римјаните и да си го брани кралството[7]). Неколку години подоцна Филип V ги победил нив во една фронтална борба и успеал да уништи преку 10.000 нивни борци[8]). Во 171/169 г. ст. е. Персеј во својот поход во Дарданија убил десетина илјади Дарданци[9]). Гај Скрибониј Курион, римски наместник во Македонија од 75 до 73 година ст. е., го започнал својот тежок Bellum dardanicum

---

[3]) И. Микулчић — М. Јовановић, Хеленистички oppidum из Кршевице код Врања, Гласник књ. IV, Врање 1968, 355—375 и Т. I—XX.

[4]) Ф. Папазоглу, Средњебалканска племена. . . , 105 — една реченица кај Јустин (VIII. 6, 2), за жал треторазредни извор за овие рани настани.

[5]) Ibid., 107.

[6]) Iust. XXIV, 4, 9—11 — према Ф. Папазоглу, op. cit., 107.

[7]) Iust. XXIX, 4, 6 — према истата, 118.

[8]) Diod. XXVIII, 2 — према истата, 119.

[9]) Plut. Aem. Paul. IX, 5 — према истата, 129.

со околу 30.000 легионари — сили што биле невообичаено големи за тоа време[10]).

Останува уште прашањето на староседелците во Скопската котлина, кои тука живееле и пред доаѓањето на Дарданците. Директни потврди за некој народ не се сочувани и досега не е изнесен некој решителен став по ова прашање. Единствено Ф. Папазоглу, макар што крајно претпазливо и воздржано, помислува дека тогаш оваа област, можеби, била населена од Трибалите[11]). При ова се базира на неколку индиректни податоци — алузии за соседството на непријателските Трибали и нивните навлегувања во Македонија во времињата пред Филип II[12]).

Трибалите беа некогаш најголемо и најмоќно племе во средниот дел на Балканот. Населувале долг географски потез од Долниот Дунав, северозападниот дел на денешна Бугарија и североисточна Србија, па низ долините на Велика и Јужна Морава до Скопско-кумановскиот басен. За нив знаат веќе Херодот и Тукидид (V век ст. е). Тогаш, во текот на V и IV век, тие ја доживеале и својата најголема моќ. Да споменеме само неколку настани: нивната победа над големиот одриски крал Ситалк, кој во 429 година ст. е. прегазил голем дел од Македонија, без помошта пред него[13]); освојувачко-грабачките походи на Абдера во 376/5 година и во земјите на скитскиот крал Атеј во 339 година[14]). За време на последниот поход, во судирот со војската на Филип II, македонскиот крал беше тешко ранет од нив[15]). И познатиот поход на Александар III против нив во 335 година, пред големиот поход на Исток, потврда е дека Трибалите повеќе од сите други народи од северното соседство претставувале сериозна опасност за Македонија.

Брзото паѓање на трибалската моќ започнува набргу по овие историски настани. Пробивите на другите племиња на трибалската територија — од запад (Аутаријати, Дарданци), од север (Скордисци, Бастарни, Гети и др.), од исток (западнотракијски племиња) предизвикале губење на политичката самостојност на Трибалите и делумно изумирање.

### б) Археолошки потврди

Ќе допреме само некои од основните елементи, без да даваме и анализа на обемниот материјал, кој многу ги надминува рамките на овој приказ.

Наоѓалиштата, кои дале материјал постар од средината на I милениј пред н.е., и врз кои можеме да ги градиме овие забелешки, по својата положба на теренот зборуваат дека тоа се земјоделски населби. Поставени се на ниски ридчиња, окружени со големи површини обработлива земја. Тие биле фортифицирани (утврдени), меѓутоа, на лесно

---

10) Frontin. IV, 1, 43 — према истата, 137—139.
11) Ф. Папазоглу, op. cit., напомена 97 на стр. 355.
12) Ibid., 16, 17.
13) Ibid., 12.
14) Ibid., 12, 38.
15) Ibid., 18.

пристапни терени (Кале—Скопје; Градиште—Д. Нерези; Орловица, — Ракотинци; Исар-Кале — Студеничани; Градиште — Мојанци). Подвижниот материјал е претставен скоро исклучиво со керамиката. Маркантни се заедничките обележја на целата поменатa територија. Паѓаат вочи следните карактеристики:

— Пред сè, крајно упростени форми и сведување на овие на мал број варијанти. Тоа е елемент на длабока изолираност од соседните подрачја и длабок конзерватизам. Во основата тоа се локални форми и типови, скоро непознати на соседното пеонско и илирско подрачје.

Нивното автохтоно потекло и големата старост избиваат низ конзервативното чување на низа прастари праисториски елементи; техниката на изработка е најблиска до енеолитските керамични групи. Повеќе орнаменти по својата форма, мотивите и техниката најблиски се до ранобронзенодобната култура Бубањ-Хум од југоисточна Србија[16]). Натаму, имаме низа елементи познати од наоѓалиштата во северна Тракија и територијата сигурно населена со Трибалите (долината на Ј. Морава). Ова последново се однесува како на погрубата керамика работена со слободна рака (форми на длабоки лонци — со пластични траки, кои се украсени со отпечатување на прсти или со многу карактеристични потковичести рачки), така и на сиво печената керамика работена на грнчарско коло. Оваа е сосема хеленизирана, меѓутоа, тие локални варијанти ги среќаваме пак на тракијските наоѓалишта[17]). Кон ова се придружува и една типична тракијска фибула со нагоре подвиена нога од населбата на Скопското Кале.

Влијанијата од времето на почетоците на хеленизацијата доаѓаат не директно од југ — преку Пеонија и Македонија, туку претежно преку Тракија. А ова можеме да го објасниме, како и сите напред наведените елементи, дека носителите на оваа култура се една периферна тракиска (или прототракиска) популација. Тоа можат да бидат само Трибали. На овој заклучок нè наведуваат и други потврди:

Следење на пробивот на импортната луксузна стока од хеленскиот (македонски) југ. Првите контакти паѓаат во архајскиот период (VII и VI век ст.е.) кога се појавуваат квалитетно моделираните македонски бронзи. Овие се откриени досега во три поголеми депои (остави) — кај Куманово, Орешани и Бразда, околу Скопје. Обичај да се закопува — крие под земја богатство во несигурните времиња (и во овој случај тоа е металот, бронзата) е својствен само на седечките, земјоделски популации.

Големиот бран на импортната црвенофигурна сликана керамика од атичка провениенција (Скопско Кале, Д. Нерези, Студеничани, Бразда) паѓа под крај на V и најголем дел на IV век стара ера (слично на другите тракиски наоѓалишта). Во ова време матичното дарданско подрачје сè уште не го познава овој импорт, односно не во

---

[16]) Првите резултати од сондирањата на Скопското Кале во 1953 година, поради овие форми и неопфатената стратиграфија, претставени се како енеолитски-ранобронзенодобни. (В. П. Гоцкова, Остатоци од една праисториска култура на Скопската тврдина Кале, Скопје 1955.)

[17]) И. Микулчиќ —М. Јовановиќ, op. cit., 367—369 и наведена литература.

овој обем. А тоа е време кога, според историските вести, Трибалите ја достигнувале својата најголема моќ.

И најзначајната потврда: типот на гробните конструкции, откриени покрај населбата Градиште кај Д. Нерези. Начинот на погребувањето воопшто и типовите на гробните конструкции посебно со сите сепулкрални елементи, спаѓаат во оние интимни елементи од духовната култура на еден народ, кои најжилаво се бранат од туѓите влијанија и најконзервативно се чуваат во матичната средина; тие се за археологот најсигурен и најпрецизен патоказ за културното и етничкото определување на едно наоѓалиште. Наведените гробни јами во вид на кратери — со широка периферија од горе, со нагорени (испечени) страни, наоди од грубо моделирана и полупечена глина во нив — со останатите елементи на начинот на кој се приложени гробните подароци и погребните жртви — сето тоа е многу специфичен елемент, кој се среќава на просторот од Јужна и Велика Морава на запад, и преку севернотракиските земји, до Хистрија на исток[18]). Тоа можат да бидат пак само Трибали.

Дека овие наоди не можат да се доведат во врска со Дарданците, кои подоцна се присутни во Скопската котлина, зборуваат следните елементи:

— Како прво, непостоење на сите наброени елементи во материјалната и духовната култура на овој народ во нивната матична област (Косово).

— Натаму, постоење на една друга култура (материјална и духовна) во нашата област напоредно со првата, само во многу поограничен обем а чија припадност апсолутно може да се припише на една илирска популација — без сомнение, на Дарданците. Инфилтрацијата на оваа култура во Скопско-кумановскиот басен и натамошното ширење совршено се совпаѓа со наведените литерарни извори. Да ги допреме основните моменти:

Најстари наоди — VII—VI век пред н.е. констатирани се кај Волково близу Скопје (некропола) и Липково (населба на ридот Глаучица). Волковските гробови покажуваат истовремено егзистирање на двострук погребен обичај: инхумација — гробови во вид на циста, од груби камени плочи; кремација — прости плитки јами во земја исполнети со остатоци од ломача (изгорени коски на умрениот и гробни дарови — накит, оружје, грнчарија).[19]) Ваков двоен обичај, со идентични сепулкрални елементи, познат е само на подрачјето на Косово. Значи, на матичното дарданско подрачје.

А и самата географска положба на оваа некропола — пред излезот од Качаничката клисура — укажува на правецот и по кој пат се дојдени овие елементи во Скопскиот басен. И археолошкиот материјал

---

[18]) Ibid., 370.

[19]) За првите наоди од лок. Дубиче кај Волково в. Ћ. Трухелка, Археол. белешке из Ј. Србије, ГСНД књ. V, Скопје 1929, 61 и д.; подоцнежните ископувања од страна на Градскиот музеј во Скопје во 1954, 1956 и 1962 година сѐ уште не се објавени; документацијата е во истиот музеј.

од гробовите — накит од бронза (фибули лачни и наочарести, привесци, токи, белегзии, гердани) и пред сè керамиката (форми на садови и типичните геометриски орнаментални мотиви врежани на овие), најтесно се врзуваат за изворното косовско подрачје. Иста ваква керамика потекнува и од населбата Глаучица кај Липково.

Уште еден елемент ги поврзува овие два локалитета: тие се наоѓаат на периферијата од Скопско-кумановското поле, вовлечени веќе во периферното планинско подрачје и индицираат сточарство како основна стопанска дејност. Оваа дејност, проследена со вообичаениот сточарски општествен поредок — војствениот патријархат, вонредно е потврдена во вообичаената боречка опрема во машките гробови. Сите овие елементи меѓусебно се надополнуваат и укажуваат на еден ран продор на помали сточарски патријархални групации преку Скопска Црна Гора и низ Качаничката клисура кон Скопската котлина. Ова може да бидат единствено Дарданците.

Нивното натамошно присуство се согледува во текот на IV и III век ст. е. во некои специфични елементи од материјалната култура. Пред сè да истакнеме неколку форми во грнчаријата, која е далеку најчест наод на секој локалитет. Во текот на IV век ст. е. од атичкиот тип на скифосот се развиват повеќе локални варијанти на територијата на најјужните Илири; можеме да ги следиме од Охридскиот до Скадарскиот басен[21]). Тоа е посебно сакана форма кај илирските групации од тоа време, за разлика од соседните Македонци, Пеонци или Тракијци каде се развива афинитет за други сродни форми, а скифосот, речиси, и не постои. Оваа разлика прима, речиси, етнографски карактер. Во овие релации се оформува и дарданската варијанта на скифосот и скифоидните вази, кои како најмаркантни белези зачестено се јавуваат во Скопско-кумановскиот басен (Глаучица и Кисела Вода кај Липково, Градиште кај Бразда, Скопско Кале, Градиште—Д. Нерези, Варвара —Варвара, Кале—Студеничани). Сличен продор е забележен и во долината на Јужна Морава.[22])

Овој продор е проследен и со други манифестации: уништување на повеќе стари автохтони населби и израснување на нови центри (маркантни се сега населбите кај Бразда, Варвара, Студеничани), кои обилуваат со хеленистички импорт и покажуваат веќе нови елементи во профилот на материјалната култура.

Интересен пример дало Скопското Кале. Со обемните ископувања во 1967 година[23]) се осветлени и повеќе моменти од историјата на најстарата населба на Калето, од VI—IV век пред н.е. Тука нè интересира следното:

---

[20]) Н. Славковић, Илирски тумули код Суве Реке, Гласник музеја АКМО IX, Приштина 1964, 540 и д.

[21]) В. Лахтов, Требен. Кале, Лихнид II—III, Охрид 1959, Т. IX, 1; XIII, 1; XX, 1; — О. Велимировић, Налази у Момишићима, Старинар Н. С. XV. — XVI. Београд 1964—65, 194 и д., сл. 5—10.

[22]) И. Микулчић—М. Јовановић, op. cit., 368.

[23]) Б. Бабић—И. Микулчић, Скопско Кале, Археолошки преглед бр. 9, (АДЈ), Београд 1967, 92 и н. (претх. извештај).

Првобитната населба (I стратум) доживува во текот на IV век пред н.е. промени: обновена е фортификацијата а населбата е намалена во обемот. Одбрамбениот ѕид околу неа сега е од тесани камени квадери (од мек песочник) редени на хеленистички начин, а изолиран беше со голем набој од црвена глина. Населбата доживува еден посилен економски просперитет, меѓутоа, набргу животот во неа е уништен — сосем прекинат. Ваков крај на овие автохтони земјоделци (претпоставените Трибали) може да се објасни само како атак од новите освојувачи.

Односот меѓу овие два народа — домородците и освојувачите — во последните три века пред нашата ера останува сè уште многу нејасен. Сепак, да наведеме некои податоци што делумно укажуваат на овие односи. На тие времиња се однесува една вест кај Агатархид од Книд: дека некои дардански аристократи поседувале и над 1.000 робови; во мирно време овие ја обработувале земјата на господарите а во војна ги следеле господарите во воените походи.[24])

Ф. Папазоглу, која обрнала поголемо внимание и на овој податок, дошла до заклучок дека зад овие „дули" се крие, всушност, една примитивна форма на зависни земјоделци, полуслободни и врзани, секако, за земјата која ја обработуваат. Меѓутоа, во обидот да го согледа обемот на дарданското население и упоредувајќи ги сочуваните големи бројки на Дарданците во пишаните извори и ограничената географска област, која овие ја населувале, помислува дека и овие „дули" морале да бидат Дарданци. При ова би сакал да укажам на другата можност, која ми изгледа поверојатна: зад ова се кријат покорените автохтони земјоделци, Трибалите од нашите краишта.

Имено, археолошкиот материјал со автохтоните елементи и натаму е најобемен. На почетокот на римската епоха, односно во I век н.е., овие елементи се сè уште присутни во прастарата форма. Ова е потврдено со неодамнешното откривање и истражување на Источната некропола во Скупи, во која се погребувани и домашни перегрини[25]).

Ова упорно одржување на автохтоното население го потврдуваат, покрај сепулкралните елементи и други остатоци: честото присуство на „тракиските" елементи во текот на II и III век н. е. — тракиски култови и особено лични имиња во Скопскиот басен. Овој епиграфски материјал привлекува внимание веќе подолго време. Најнов преглед на овој материјал, по прв пат комплетен и систематски сложен, како и обиди за етничката интерпретација на истиот, срекаваме кај Ф. Папазоглу[26]). Меѓутоа, во трите категории на овие имиња кај истиот автор

---

[24]) Agatarch. fr. 17 J — според Ф. Папазоглу, op. cit., 349; и 368 и д.

[25]) И. Микулчић, Scupi — Источна некропола и ј/и сектор градског бедема, Археолошки преглед бр. 12, Београд 1970, (претх. извештај).

[26]) Ф. Папазоглу, op. cit., 172—202.

(тракиски, илирски и наводни дардански), изгледа, дека најголем број му припаѓа на автохтоното население Тоа може да се надзре и од распоредот на местата каде се најдени спомениците со овие имиња — нивната концентрација во сливот на Маркова Река и Каршијак, значи подрачје кое минимално беше опфатено со римското колонизирање — одземање на земјата од дарданските освојувачи. Тоа е, покрај долината на Долна Пчиња, засега најчист автохтон „резерват", на кој треба да се насочат и поинтензивни археолошки истражувања.